Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Постапувајќи по претставката бр. 08-524/1 од 30.9.2022 година, поднесена од [redacted] против [redacted], за извршена дискриминација врз основа на политичка определба, во областа на правосудството и управата, согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година), Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 22.11.2022 година, го донесе следното

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr 08-524/3
23-11-2022 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**РЕШЕНИЕ**

**За отфрлање на претставката за заштита од дискриминација поради ненадлежност**

Образложение

На 30.9.2022 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted], претседател на Училишниот одбор при [redacted] Битола против [redacted], државен просветен инспектор, за извршена дискриминација врз основа на политичка определба, во областа на правосудството и управата.

Во претставката, подносителот тврди дека инспекторката [redacted] излегла надвор од своите овластувања и ја злоупотребила својата службена положба. Односно, смета дека инспекторката немала законска основа за менување на претходни акти донесени од инпектори со ист или повисок ранг од нејзиниот. Подносителот бара да се истражи предметот и работата на инспекторката [redacted] во врска со нејзиното Известување до Училишниот одбор, односно да се испита дали ги повредила чл. 1, чл. 2, чл. 3, чл. 4, чл. 5 и чл. 8 од Етичкиот кодекс за државни службеници, како и чл. 18 и чл. 28 од Законот за државни службеници.

Согласно барањата од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања од управно-правна природа кои не спаѓаат во надлежностите на Комисијата.

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20) *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група* ***врз еднаква основа со други.***

Членот 5 од истиот закон ги дефинира дискриминаторските основи: *раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

Од горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смета дека во овој случај не се работи за дискриминација туку за можни евентуални повреди на Законот за административни службеници, или некој друг закон.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*Согласно член 40, став 6 од Законот за општата управна постапка ако јавниот орган не е надлежен за прием на писмениот поднесок односно на соопштението на записник, службеното лице на овој орган ќе го предупреди на тоа подносителот и ќе го упати до јавниот орган надлежен за прием.*

Следствено на ова, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го упатува подносителот да се обрати до Државниот управен инспекторат, како надлежен за вршење надзор над спроведувањето на одредбите на Законот за административни службеници, на чија повреда подносителот се повикува, или до Инспекциски Совет кој може да поведе иницијатива за утврдување на дисциплинска одговорност на инспектор.

23.11.2022 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

Претседател

Исмаил Камбери

**Правна поука**: Ова решение е конечно, а против истото може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управниот спор се поднесува **во рок од 30 дена** од денот на приемот на решението.

Доставено до:
[redacted]